DISCLAIMER: As Member States provide national legislations, hyperlinks and explanatory notes (if any), UNESCO does not guarantee their accuracy, nor their up-dating on this web site, and is not liable for any incorrect information. COPYRIGHT: All rights reserved.This information may be used only for research, educational, legal and non-commercial purposes, with acknowledgement of UNESCO Cultural Heritage Laws Database as the source (© UNESCO).



1. во пропишаниот рок не го извести органот на рударската инспекција за секој смртен, групен или тежок несреќен случај и за причините на несреќата или ако во определениот рок не го извести органот на рударската инспекција за запирање на работите;

2. не постапи по решенијата на органите на рударската инспекција;

3. на положбата на раководители на рударски работи назначува лица кои не ги исполнуваат пропишаните услови;

4. не му дозволи на рударскиот инспектор во деловните или погонските простории да ги разгледа плановите, извештаите или друга документација за состојбата на рударските работи, или на друг начин го попречува рударскиот инспектор во вршењето на инспекцијата.

Со парична казна од став еден на овој член ќе се казни организацијата за истражување што не ја врши својата дејност според принципите на стопанското работење или ако врши истражување на минерални суровини без прописно одобрение.

Со парична казна до 2.000 динари за дејствијата од став 1 и 2 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд.

Член 124

Со парична казна до 6.000 динари ќе се казни за прекршок граѓанин што врши истражување или експлоатација на минерални суровини спротивно на одредбите на овој закон.

Со парична казна до 10.000 динари за дејствието од став 1 на овој член ќе се казни граѓанско правно лице, општествена организација, здружение на граѓани или друго правно лице.

Член 125

Со парична казна до 50 динари ќе се казни на самото место за прекршок одговорното лице во организацијата на здружениот труд ако не обезбеди одржување во исправна состојба на орудијата за работа или уредите и нивната наменска употреба во врска со заштитата при работа.

Паричната казна од став 1 на овој член ја изрекува и ја наплатува рударскиот инспектор на лице место.

Член 126

Имотната корист постигната со дејствијата што со овој закон се определени како стопански престап или како прекршок ќе се одземе од сторителот на престапот односно прекршокот.

Глава VIII

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 127

Се овластува републичкиот секретар за индустрија и трговија, во согласност со републичкиот секретар за труд, да пропише дополнителни мерки за заштита при работата во рударството кои не се пропишани со други прописи.

Член 128

Рударски инспектор кој не ги исполнува условите пропишани со овој закон може да остане на должност до крајот на 1974 година.

Член 129

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за експлоатација на определени минерални суровини („Службен весник на НРМ" бр. 34/60 и „Службен весник на СРМ" бр. 16/65).

Член 130

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

237.

Врз основа на член 152, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

Се прогласува Законот за заштита на спомениците на културата,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 31 мај и на 1 јуни 1973 година, и на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 22 мај 1973 година.

Број 03-1547
1 јуни 1973 година.
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Спомениците на културата се ставаат под заштита според одредбите на овој закон.

Спомениците на културата се заштитени со законот без оглед дали се општествена сопственост или сопственост на граѓани, здруженија на граѓани, општествено-политички организации и граѓанско-правни лица и дали се регистрирани.

Член 2

Спомениците на културата во смисла на овој закон се недвижни и движни предмети кои поради своите уметнички, научни и други вредности и значења за историјата и културата воопшто, а посебно за историјата и културата на македонскиот народ и на народностите и етничките групи во Социјалистичка Република Македонија, научно-истражувачка, културно-уметничка и образовно-воспитна функција, како културни добра, се под посебна заштита на општествената заедница.

Член 3

Целта на заштитата на спомениците на културата е:

— зачувување на спомениците во неоштетена и изворна состојба;

— создавање на што поповолни услови за опстанок на спомениците и преземање на технички и други мерки потребни за нивното редовно одржување;

— спречување на секакви дејствија со кои непосредно или посредно може да се промени својството, обликот, значењето или изгледот на спомениците, а со тоа и нивната вредност како споменици;

— преземање на мерки со цел да се заштити автентичноста и интегритетот на сите податоци што спомениците ги носат во себе како своевидни документи.

Член 4

Заштитата на спомениците на културата е дејност од посебен општествен интерес.

Заштитата на спомениците ја остваруваат, според одредбите на овој закон, заводите за заштита на спомениците на културата (заводи) и државните органи, установите што се занимаваат со заштита, чување, проучување и стручно одржување на спомениците на културата (музеи, галерии, самостојни музејски и галериски збирки, архиви, би-

DISCLAIMER: As Member States provide national legislations, hyperlinks and explanatory notes (if any), UNESCO does not guarantee their accuracy, nor their up-dating on this web site, and is not liable for any incorrect information. COPYRIGHT: All rights reserved.This information may be used only for research, educational, legal and non-commercial purposes, with acknowledgement of UNESCO Cultural Heritage Laws Database as the source (© UNESCO).



Мерката од став 1 на овој член може да се одреди и во случај кога на друг начин не може на јавноста да ѝ се обезбеди достапност на споменикот (член 18).

Член 25

На недвижен споменик на културата не смее да се истакнуваат фирми, реклами, табли и други известувања.

По исклучок, дејствијата од став 1 на овој член можат да се вршат само по претходна дозвола од надлежниот завод.

Член 26

Спомениците на културата не можат да се извезуваат ниту изнесуваат во странство.

По исклучок, споменик на културата може да се извезе односно изнесе во странство само со одобрение од републичкиот секретар за култура, а по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод.

Ако споменикот на културата е по потекло од друга социјалистичка република или социјалистичка автономна покраина, пред издавањето на одобрението за извезување односно изнесување во странство ќе се прибави и мислење од републичкиот односно покраинскиот завод за заштита на спомениците на културата на таа република односно покраина.

Според одредбите од став 2 и 3 на овој член ќе се постапи и во случај на изнесување на споменик во странство поради организирање на позначајни културни манифестации (член 19).

Член 27

Сопственик кој има намера да продаде споменик на културата е должен претходно да го понуди за продажба на општината на чие подрачје е споменикот.

Сопственикот е должен во понудата да ја наведе цената и другите услови на продажбата.

Одредбите од став 1 и 2 на овој член ќе се применуваат и во случај ако носителот на правото на користење на споменикот на културата во општествена сопственост има намера, под условите предвидени со закон, да го продаде споменикот.

Член 28

Општината има право во рок од шест дена од денот на приемот на писмената понуда за купување на споменикот на културата таа понуда да ја прифати по цената и другите услови што се наведени во понудата.

Ако општината на која ѝ е поднесена понудата нема намера сама да го користи своето право на првенство во купувањето, должна е најдоцна во рок од триесет дена од денот на приемот на понудата да го извести за понудата заводот на чие подрачје е споменикот. Заводот има право понудата да ја прифати во рокот пропишан за прифаќање на понудата од страна на општината.

Ако ни заводот не ја прифати понудата, во рок од триесет дена по истекот на рокот определен за прифаќање на понудата од заводот понудата може да ја прифати друга општествено-политичка заедница, организација на здружен труд или друга организација на која заводот им ја отстапил понудата.

По истекот на роковите за прифаќање на понудата (став 1 и 3 на овој член) сопственикот односно носителот на правото на користење може споменикот на културата да го продаде на друго лице по цена што не е пониска од цената наведена во понудата и под условите кои за купувачот не се поповолни од условите што се содржани во понудата.

Член 29

Правните лица наведени во член 28 од овој закон имаат право на првенство во купувањето и во случај на принудна продажба на споменик на културата и тоа според дадената понуда и постапка за принудна продажба што е најповолна за сопственикот односно носителот на правото на користење.

Органот што спроведува постапка за принудна продажба на споменик на културата е должен да ја извести општината и заводот на чие подрачје е споменикот дека е одредена принудна продажба.

Член 30

Ако сопственикот односно носителот на правото на користење го продаде споменикот на културата, а претходно не го понудил на продажба на општината, или ако го продаде по цена пониска од цената наведена во понудата на општината или под услови што за купувачот се поповолни од условите наведени во понудата, општината има право со тужба против продавачот и купувачот да бара поништување на договорот за купопродажба во рок од деведесет дена од денот кога општината дознала за неговото склучување, а најдоцна во рок од пет години од денот на склучувањето на договорот за купопродажба.

Општината може, во рокот од став 1 на овој член, да бара поништување на договорот за купопродажба на споменик на културата и кога тој договор привидно е склучен во вид на подарок или кога износот на цената или другите услови на продажбата се привидни, а вистинската цена и другите услови на договорот се поповолни за купувачот.

Општината има право на поништување на договорот само ако нејзиниот претставник пред судот изјави дека го купува споменикот на културата по цената и под другите услови под кои е продаден и ако положи пари во висина на износот на цената.

Во случај на поништување на договорот престануваат правата на купувачот и третите лица стечени на споменикот на културата по основ на поништениот договор, без оглед дали стекнувачот на правата бил совесен.

Член 31

Ако општината не го користи своето право на првенство во купувањето на споменик на културата, туку друго правно лице кое го има тоа право, тоа може да бара поништување на договорот за купопродажба на споменикот според одредбите на член 30 на овој закон, во роковите од член 28, став 2 и 3 на овој закон.

Член 32

Лице кое смета дека има право на сопственост на споменик на културата од член 7, став 3 на овој закон, може да побара, во рок од три години од денот кога споменикот е најден во земја или во вода, да му се утврди тоа право.

## III. РЕГИСТРИРАЊЕ И ЈАВНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И ДРУГИ УПРАВНИ МЕРКИ

Член 33

Секој споменик на културата, како и секој предмет за кој ќе се утврди дека има својство на споменик на културата, се запишуваат во регистарот на спомениците на културата.

Музејските предмети и архивската граѓа како и библиотечниот материјал определен како споменик на културата со прописите за библиотекарската дејност се запишуваат во регистарот од став 1 на овој член.

Предметите, збирките и фондовите на музеите, галериите, самостојните музејски и галериски збирки, архивите и библиотеките и други слични установи се запишуваат во регистарот на спомениците на културата како целини, според книгата на инвентарот на тие предмети односно збирки и фондови врз основа на пријавата што до надлежниот завод ја поднесува соодветната установа.

DISCLAIMER: As Member States provide national legislations, hyperlinks and explanatory notes (if any), UNESCO does not guarantee their accuracy, nor their up-dating on this web site, and is not liable for any incorrect information. COPYRIGHT: All rights reserved.This information may be used only for research, educational, legal and non-commercial purposes, with acknowledgement of UNESCO Cultural Heritage Laws Database as the source (© UNESCO).



Општината може, во согласност со Републичкиот завод, да определи одборот да се грижи за вршењето на работите на конзервација и реставрација на споменици на културата во општествената сопственост за кои е основан.

Член 64

Вршењето на определени работи во врска со чувањето и одржувањето на еден или повеќе споменици, споменички комплекси односно урбанистички целини во општествена сопственост може да им се довери на одделни здруженија и општествени организации.

Член 65

Заводите и државните органи, како и установите што се занимаваат со заштита, чување, проучување и стручно одржување на спомениците на културата (музеи, галерии, самостојни музејски и галериски збирки, архиви, библиотеки и др.), заводите од член 61. одборите од член 62 и здруженијата и општествените организации од член 64 на овој закон соработуваат меѓусебно и со имателите на спомениците на културата во остварувањето на заштитата на спомениците.

Заводите се должни да соработуваат со имателите на спомениците на културата во чувањето и одржувањето на спомениците, да им даваат стручни совети и мислења и да им укажуваат на потребата од конзервирање и реставрирање на спомениците и за вршење на стручни експертизи за преземање мерки за нивното одржување.

Член 66

Надзор над законитоста на работата на Републичкиот завод врши Републичкиот секретаријат за култура.

## V. РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

Член 67

Заради обезбедување на посебна заштита на спомениците на културата во состав на Републичкиот секретаријат за култура се формира Републичка комисија за заштита на спомениците на културата (Републичка комисија).

Член 68

Републичката комисија:

— ги разгледува општите прашања во врска со заштитата на спомениците на културата и дава мислење за унапредување заштитата на спомениците на културата;

— ги разгледува програмите и плановите за заштита на спомениците на културата и извештаите на заводите за заштита на спомениците на културата за состојбата на спомениците;

— расправа за спорните прашања во врска со заштитата на спомениците на културата и дава мислење за нивното разрешување;

— донесува деловник за својата работа;

— врши и други работи што со закон и други прописи ѝ се ставени во надлежност.

Член 69

Стручните и административните работи на Републичката комисија ги врши Републичкиот секретаријат за култура.

## VI. СТРУЧНИ ЗВАЊА

Член 70

Стручните работи во областа на заштитата на спомениците на културата ги вршат работници што имаат стручна спрема за конзерватор-техничар, виш конзерватор-техничар, конзерватор, виш конзерватор и конзерватор-советник.

Член 71

Во звањето виш конзерватор може да биде избрано лице кое има академски степен на магистар или најмалку 10 години работа како конзерватор, објавени или познати стручни работи од значење за унапредување заштитата на спомениците на културата и способност за самостојно организирање на стручната работа.

Во звањето конзерватор-советник може да биде избрано лице кое има докторат на науките или најмалку 10 години работа како виш конзерватор, истакнати објавени или познати стручни работи од посебно значење за унапредувањето на заштитата на спомениците на културата и лице кое има постигнато извонредно значајни резултати за развојот и унапредувањето на заштитата на спомениците на културата.

Член 72

Определени стручни работи во областа на заштитата на спомениците на културата можат да вршат и работници кои имаат научни звања, како и стручни звања во областа на музејската, архивската и библиотечната дејност.

Член 73

Стручни работи во областа на заштитата на спомениците на културата вршат и работници што имаат соодветна средна стручна спрема за конзерватор-техничар, соодветна виша стручна спрема за звањето виш конзерватор-техничар, односно соодветна висока стручна спрема за конзерватор.

Која стручна спрема е соодветна за вршење на стручни работи во областа на заштитата на спомениците на културата од став 1 на овој член се определува со општ акт на заводот.

Член 74

Изборот во звањето виш конзерватор и конзерватор-советник го врши органот на управување на заводот, по предлог од посебна стручна комисија која е составена од најмалку три члена.

Членовите на стручната комисија од став 1 на овој член треба да го имаат најмалку она звање за кое се врши изборот или соодветното научно звање.

Членовите на стручната комисија ги именува и разрешува органот на управување на заводот. За членови на стручната комисија можат да бидат именувани и лица надвор од заводот.

Изборот во звањето виш конзерватор и конзерватор-советник го потврдува републичката комисија за стручни звања во областа на културата што се формира во состав на Републичкиот секретаријат за култура.

Член 75

На лицата кои до 8 август 1965 година се здобиле со звање виш конзерватор, здобиеното звање им се признава.

Лицата што се здобиле со стручни звања по 3 август 1965 година до влегувањето во сила на овој закон можат да се преизберат во исто или повисоко звање под условите определени со овој закон.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 76

Со парична казна или со казна затвор до една година ќе се казни за кривично дело оној што ќе оштети или уништи споменик на културата.

Ако поради делото од став 1 на овој член настапила значителна штета или ако делото е сторено со намера спомеиикот на културата да се оштети или уништи, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку шест месеци или со строг затвор до пет години.

DISCLAIMER: As Member States provide national legislations, hyperlinks and explanatory notes (if any), UNESCO does not guarantee their accuracy, nor their up-dating on this web site, and is not liable for any incorrect information. COPYRIGHT: All rights reserved.This information may be used only for research, educational, legal and non-commercial purposes, with acknowledgement of UNESCO Cultural Heritage Laws Database as the source (© UNESCO).



Член 77

Со казна затвор од најмалку три месеци или со строг затвор до пет години ќе се казни за кривично дело оној што при археолошки ископувања или инаку ќе присвои ископини или најдени предмети што претставуваат споменик на културата.

Член 78

Со казна затвор од една година ќе се казни за кривично дело оној што без дозвола од републичкиот секретар за култура ќе извезе или изнесе во странство споменик на културата.

За обид ќе се казни.

Член 79

Со парична казна или со казна затвор, до шест месеци ќе се казни за кривично дело оној што без дозвола ќе изврши на споменик на културата конзерваторски, реставраторски или истражувачки и други работи, па поради тоа спомеников на културата биде уништен, тешко оштетен или го загуби својството на споменик на културата.

Со истата казна ќе се казни оној што без дозвола или спротивно на забраната врши археолошки ископувања или истражувања, па поради тоа спомеников на културата биде уништен, тешко оштетен или го загуби својството на споменик на културата.

Член 80

Со парична казна до 2.000 динари ќе се казни за прекршок имателот на споменик на културата кој:

1. не пријави споменик на културата или предмет за кој основано може да се претпостави дека има својство на споменик како и промените на спомеников;

2. го запоставува чувањето и одржувањето на спомеников односно не ги изврши пропишаните или наредените техничко-заштитни мерки за одржување и заштита на спомеников;

3. не го дозволи истражувањето и проучувањето на спомеников на лицето што има одобрение за тоа;

4. одбие или спречи да го направи спомеников достапен на јавноста;

5. употребува и користи споменик спротивно на наредбата донесена согласно со член 22 на овој закон;

6. одбие да го предаде спомеников на управување на старателот според член 23 на овој закон.

Со иста казна ќе се казни за прекршок и лицето кое:

1. без одобрение врши истражување и проучување на споменик на културата;

2. без дозвола истакнува фирми, реклами, табли и други известувања на недвижен споменик на културата;

3. не пријави археолошко наоѓалиште или најдени предмети од археолошко значење.

За работите од претходните точки ќе се казни и правното лице со парична казна до 10.000 динари, а одговорното лице во правното лице со парична казна до 2.000 динари.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 81

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на СРМ" бр. 16/65 и 1/68).

Член 82

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

238.

Врз основа на член 66 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 16/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 31 мај и 1 јуни 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 28 мај 1973 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

I

Се дава согласност на Статутот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје, што го донесе Советот на работната заедница на Заводот на својата седница од 29 декември 1970 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1522
1 јуни 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

239.

Врз основа на член 13 од Законот за републичкиот фонд за унапредување на индивидуалното земјоделство („Службен весник на СРМ" бр. 12/71), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 31 мај и 1 јуни 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 31 мај 1973 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА 1972 ГОДИНА

I

Се дава одобрение на завршната сметка на Републичкиот фонд за унапредување на индивидуалното земјоделство за 1972 година, што ја донесе Управниот одбор на Фондот за унапредување на индивидуалното земјоделство, на седницата одржана на 27 март 1973 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1613
1 јуни 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Никола Минчев, с. р.

UNESCO Cultural Heritage Laws Database (Copyright and Disclaimer apply)